# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ

## - четврти квартал 2021 година -

К-4-2021

## Резиме


- Во К-4-2021 е забележан **раст на економската активност** од 2,3% на годишна основа, со што растот продолжува трет квартал по ред;
- **Бројот на вработени** во К-4-2021 е повисок за 0,7% во однос на истиот квартал од 2020 година. **Бројот на невработени** во К-4-2021 се намали за 6,4%, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** на 15,2%;
- Просечната **нето-плата** во К-4-2021 изнесува 29.406 денари и бележи раст од 5,3% на номинална основа, односно раст од 0,7% на реална основа, споредено со нето-платата во К-4-2020;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-4-2021 се повисоки за 12,2%, а вкупните **буџетски расходи** за 4,0% споредено со истиот квартал од 2020 година;
- **Стапката на инфлација** во К-4-2021 изнесува 4,6% на годишна основа;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-4-2021 се зголеми за 3,3% на квартална основа;
- **Кредитната активност** на банките во К-4-2021 забележа раст од 3,1% на квартална основа;
- Во К-4-2021 е забележан раст на **извозот на стоки** од 4,3% и на **увозот на стоки** од 18,1% на годишна основа, со што вкупната **надворешнотрговска размена** изразена во евра забележа раст од 12,1%.




MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## Содржина:

1. Економска активност ........................................................ 3
2. Пазар на работна сила ........................................................ 4
3. Јавни финансии ........................................................ 5
   3.1. Буџетски приходи според економската класификација .................... 5
   3.2. Буџетски расходи според економската класификација .................... 6
   3.3. Расходи по буџетски корисници ........................................ 7
   3.4. Буџетски дефицит и државен долг ........................................ 9
4. Инфлација и монетарни движења ........................................................ 10
5. Надворешен сектор ........................................................ 13
   5.1. Надворешнотрговска размена ........................................ 13
   5.2. Платен биланс ........................................ 16

# 1. Економска активност

Во К-4-2021 е забележан **раст на економската активност** од 2,3% на годишна основа, со што растот продолжува трет квартал по ред, по забележаниот пад во петте последователни квартали претходно.

Графикон 1.1. Инвестиции и градежна активност
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Анализирано според производната страна на БДП, економскиот раст се должи исклучиво на позитивните остварувања во услужниот сектор, додека во другите сектори е забележан пад на економската активност.

Растот на активноста во **услужниот сектор** е на широка основа и изнесува 4,8%. Највисок раст во рамките на услужните дејности има кај Трговија, транспорт и угостителство од 9,2%, по што следуваат: Информации и комуникации од 5,3%, Дејности во врска со недвижен имот од 3,1%, Финансиски и дејности на осигурување од 1,7%, Стручни, научни и технички дејности и Јавна управа, одбрана, образование и здравство од по 1,6% и Уметност, забава и рекреација од 0,4%.

**Индустрискиот сектор** забележа пад од 3,6%, во услови на намалено производство во преработувачката индустрија за 4,8%.

**Земјоделството** забележа пад од 4,6% по растот од 1,2% во претходниот квартал, со што продолжуваат променливите движења во овој сектор, додека **градежната активност** опадна за 9,9%, што е намалување трет квартал по ред.

Графикон 1.2. Индустриски сектор
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Анализирано според расходната страна на БДП, растот на економската активност е резултат на зголемената

Графикон 1.3. Придонес во економскиот раст по компоненти *(процентни поени)*




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на МФ

домашна побарувачка, во услови на зголемена потрошувачка и зголемени бруто-инвестиции, додека придонесот на нето-извозот е негативен.

Потрошувачката забележа раст на реална основа од 5,8%, во чии рамки **приватната потрошувачка** порасна за 5,7%, а **јавната потрошувачка** се зголеми за 6,5% на реална основа.

**Бруто-инвестициите** забележаа раст од 21,2%, со што продолжува растот трет квартал по ред, а притоа вторпат има двоцифрена вредност по високиот раст од 40,7% во вториот квартал.

**Извозот на стоки и услуги** забележа раст од 1,8% на реална основа, додека **увозот на стоки и услуги** порасна за 13,5%. Оттука, нето-извозот има негативен придонес врз економскиот раст.

## 2. Пазар на работна сила

Во К-4-2021, според Анкетата на работна сила, **бројот на вработени лица** е зголемен за 0,7%, односно за 5,7 илјади лица во однос на истиот квартал од 2020 година, а растот се должи на зголемената вработеност во услужниот сектор (12,9 илјади или 2,9%) и во индустријата (4,2 илјади или 2,2%), додека намален број на вработени има во градежништвото (3,4 илјади или 6,2%) и во земјоделскиот сектор (5,5 илјади или 6,0%). Во рамки на услужната дејност, особен раст на вработеноста се јавува кај трговија на големо и трговија на мало (9,5 илјади или 8,2%), јавна управа и одбрана (5,6 илјади или 10,0%) и информации и комуникации (4,2 илјади или 26,5%), додека позабележително намалување на вработеноста има кај транспорт и складирање (4,8 илјади или 10,6%) и уметност, забава и рекреација 4,3 илјади или 23,7%).

Анализирано според економскиот статус, зголемување на вработеноста се јавува кај вработените (10,2 илјади или 1,6%) и кај работодавците (4,9 илјади или 18,1%), а пад е забележан кај вработените за сопствена сметка (6,5 илјади или 8,6%) и кај семејните работници (2,8 илјади или 9,2%).

**Стапката на вработеност** во К-4-2021 изнесува 47,3% и во однос на истиот квартал од 2020 година е зголемена за 0,5 п.п..

Графикон 2.1. Пазар на труд




Извор: Државен завод за статистика

**Бројот на невработени** е намален за 9,8 илјада лица, односно за 6,4% во однос на истиот квартал од 2020 година. Овие движења предизвикаа **стапката на невработеност** во К-4-2021 да се намали

на 15,2%, односно за 0,9 п.п. во споредба со истиот квартал од 2020 година, а во однос на претходниот квартал таа е пониска за 0,5 п.п. (Графикон 2.1).

Гледано по возрасни групи, невработеноста во однос на К-4-2020 е намалена во сите групи, и тоа: кај лицата на возраст од 15 до 24 години за 20,3%, кај лицата од 50 до 64 години за 6,7% и кај лицата од 25 до 49 години за 2,2%. Според половата структура, стапката на невработеност е намалена за 0,7 п.п. кај женското население и изнесува 14,8%, што е за 0,6 п.п. помалку од невработеноста кај мажите којашто е намалена за 1,2 п.п. и изнесува 15,4%.

**Бројот на активно население** е намален за 4,0 илјади лица, односно за 0,4% на годишна основа. Активното население во К-4-2021 сочинува 55,7% од вкупното работоспособно население и е намалено за 0,2 п.п. во споредба со истиот квартал од 2020 година.

Просечната месечна **нето-плата** во К-4-2021 изнесува 29.406 денари и е повисока за 5,3% на номинална основа споредено со истиот квартал од 2020 година, додека на реална основа нето-платата бележи зголемување од 0,7% (Графикон 2.2).

Графикон 2.2. Просечна нето-плата
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Просечната месечна **бруто-плата** во К-4-2021 изнесува 43.926 денари и бележи раст од 5,4% на номинална и 0,7% на реална основа.

**Продуктивноста на трудот** во К-4-2021 е зголемена за 1,6%, што е последица на повисокиот раст на производството од растот на вработеноста.

# 3. Јавни финансии

## 3.1. Буџетски приходи според економската класификација

**Вкупните буџетски приходи** во К-4-2021 учествуваат со 29,1% во кварталниот БДП и се повисоки за 12,2% споредено со истиот квартал од 2020 година, а притоа раст бележат даноците од 9,9%, придонесите од 5,7% и неданочните приходи од 19,5%. Кај даночните приходи забележана е повисока наплата на персоналниот данок на доход, ДДВ и царинските давачки, додека пад е забележан кај данокот на добивка и акцизите.

Наплатата на индиректните даноци во К-4-2021 е зголемена за 12,7%, а кај директните даноци е забележано зголемување од 2,5% во однос на К-4-2020. Гледано од аспект на

структурното учество во БДП, учеството на приходите од директни даноци е намалено за 0,4 п.п. на годишно ниво, односно од 4,5% во четвртиот квартал минатата година на 4,1% од кварталниот БДП во истиот квартал оваа година, а учеството на приходите од индиректни даноци во БДП за К-4-2021 изнесува 12,2% и е повисоко за 0,1 п.п. во однос на К-4-2020 кога изнесуваше 12,1%.

Графикон 3.1. Приходи и расходи во К4
*(% од номинален квартален БДП)*




Извор: Министерство за финансии

Кај **индиректните даноци**, приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 48,8% од вкупните даночни приходи во К-4-2021, а се повисоки за 18,8% споредено со истиот квартал претходната година. Во структурата на данокот на додадена вредност, најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата. Споредено со истиот квартал од 2020 година, приходите од акцизи се пониски за 3,3%, а приходите од576 царински давачки се повисоки за 22,5%.

Во рамки на **директните даноци**, кај персоналниот данок на доход е забележано зголемување од 10,7%, а кај приходите од данокот на добивка намалување од 15,3% во однос на истиот квартал претходната година.

Наплатата на **социјалните придонеси** е повисока за 5,7%, така што зголемување на наплатата е забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување од 6,0%, кај придонесите за здравствено осигурување од 5,2% и кај придонесите за вработување од 5,0%.

**Неданочните приходи**, кои претставуваат 1,9% од кварталниот БДП, во К-4-2021 беа реализирани за 19,5% повеќе во однос на истиот квартал од 2020 година.

**Капиталните приходи**, во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови, како и приходи од дивиденди, во К-4-2021 беа пониски за 14,8% на годишна основа. Приходите по основ на **донации од странство** беа повисоки за речиси три и пол пати.

## 3.2. Буџетски расходи според економската класификација

**Вкупните буџетски расходи** во К-4-2021, со учество од 35,9% во кварталниот БДП, се повисоки за 4,0% споредено со истиот квартал од 2020 година.

**Тековните расходи**, кои претставуваат 31,1% од кварталниот БДП, имаат учество од 86,5% во вкупните расходи и беа реализирани за 0,5% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги забележаа раст од 47,4%, а расходите за

плати и надоместоци од 5,6% во однос на истиот квартал претходната година.

Средствата за трансфери, кои учествуваат со 64,9% во вкупните расходи, беа реализирани за 3,8% помалку на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 2,4% и учествуваа со 42,7% во вкупните расходи. Расходите за пензии, коишто сочинуваат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 5,6% и забележаа учество од 24,4% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат и трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 21,6% и забележа намалување од 7,7% во однос на четвртиот квартал од 2020 година. Блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа намалување од 1,3%, а субвенциите и трансферите се намалија за 10,5% споредено со К-4-2020.

Расходите за каматни плаќања се намалени за 30,0% на годишна основа, така што расходите по камати на домашен долг забележаа зголемување од 18,4%, а пад од дури 71,9% забележаа каматните расходи по надворешен долг.

**Капиталните расходи**, кои претставуваат 4,8% од кварталниот БДП, се реализирани за 34,2% повеќе споредено со истиот квартал од 2020 година и оствари учество од 13,5% во вкупните расходи.

## 3.3. Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 85,8% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во периодот октомври – декември 2021 година, преку разделот **Министерство за финансии – функции на држава**[1] реализирани се 5.763 милиони денари што претставува 8,7% од предвидените за 2021 година. Отплата на главнина (2.153 милиони денари) е главна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 37,4%, а потоа следуваат капиталните расходи со учество од 20,8% и исплата од 1.199 милиони денари и каматните плаќања со учество од 19,9% и исплата од 1.149 милиони денари.

**Министерството за труд и социјална политика** во К-4-2021 година реализираше 13.834 милиони денари или 25,1% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (69,8%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до

[1] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

вонбуџетските фондови, за што се потрошени 9.655 милиони денари или 26,3% од средствата наменети за 2021 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, која учествува со 21,6% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 24,6% (2.992 милиона денари) од планираните за 2021 година.

**Министерството за образование и наука** во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 7.428 милиони денари, што е 27,2% од вкупниот буџет за 2021 година. Најголем дел од расходите (55,1%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 4.091 милион денари или 25,2% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 15,3%, за што се потрошени 1.139 милиони денари, односно 26,1% од вкупно предвидените.

Графикон 3.2. Структура на расходи по буџетски корисници во К-4-2021 *(во %)*




Извор: Министерство за финансии

**Министерството за одбрана** во периодот октомври – декември 2021 година реализираше буџетски средства во износ од 2.826 милиони денари, што е 26,6% од вкупниот буџет за оваа година. Расходите за плати и надоместоци имаат најголемо учество со 36,7% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.038 милиони денари, односно 25,0% од вкупно предвидените. Стоки и услуги се втора најзначајна ставка во структурата на вкупните расходи со учество од 27,7% и исплата од 783 милиони денари, што е 30,7% од планираните средства за тековната година. По нив следат Капиталните расходи кои во структурата на вкупните расходи учествуваат со 25,3% и за таа намена реализирани се 715 милиони денари, што е 25,9% од планираните средства за тековната година.

Во периодот октомври – декември 2021 година, **Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)** реализираше средства во износ од 1.627 милиони денари што претставува 16,9% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 76,8% во вкупните расходи, реализирани се 15,4% од планираните средства, односно 1.250 милиони денари.

Во анализираниот период, од страна на **Министерството за внатрешни работи** вкупно се реализирани 2.986 милиони денари, што претставува 25,1% од сопствениот буџет за 2021 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 69,5%, за што се потрошени 2.075 милиони денари или 25,6% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 21,1%, за

што се реализирани 630 милиони денари или 27,1% од годишниот план.

**Министерството за здравство** во периодот октомври – декември 2021 година изврши буџетски средства во износ од 2.506 милиони денари, што е 28,7% од вкупниот буџет за 2021 година. Расходите за стоки и услуги имаат најголемо учество во вкупните расходи од 49,8%, за што во овој период се потрошени 1.248 милиони денари или 27,4% од средствата наменети за 2021 година. За тековни трансфери до вонбуџетските фондови се издвоени 968 милиони денари, односно 29,0% од вкупно планираните.

**Владата на Република Северна Македонија** во К-4-2021 година реализираше вкупно 8.461 милион денари, односно 62,0% од планираните средства за 2021 година. Притоа, субвенциите и трансферите имаат доминантно учество од 74,0% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, за што се реализирани 6.257 милиони денари (58,7% од предвидените средства).

**Министерството за транспорт и врски** во овој период реализираше средства во износ од 869 милиони денари, што е 22,1% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 20,2% од предвиденото за цела година (618 милиони денари).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог достапен на следната врска (*http://finance.gov.mk/mk/node/692*).

## 3.4. Буџетски дефицит и државен долг

Во четвртиот квартал од 2021 година, **дефицитот на консолидираниот Буџет** изнесува 14.263 милиони денари или 6,9% од БДП за овој квартал, а дефицитот на Централниот буџет изнесува 15.421 милион денари, односно 7,4% од кварталниот БДП.

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-4-2021 изнесува 51,8% од БДП и забележа зголемување на своето учество во БДП за 0,8 п.п. во однос на К-3-2021. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг во однос на К-3-2021 е намалено за 1,2 п.п. и изнесува 60,0%, а учеството на внатрешниот долг е соодветно зголемено и изнесува 40,0% од вкупниот државен долг.

Графикон 3.3. Државен долг и негова структура




Извор: Министерство за финансии

## 4. Инфлација и монетарни движења

**Стапката на инфлација**, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-4-2021 изнесува 4,6% на годишна основа и е зголемена за 1,1 п.п. во споредба со К-3-2021.

Забрзаниот раст на потрошувачките цени во четвртиот квартал главно се должи на растот на цените на храната и на нафтените деривати и во помал дел на цените на енергијата. Зголемувањето на домашните цени во овој квартал ги рефлектира и промените поврзани со цените на енергенсите и на примарните производи на светските берзи како и ценовните нарушувања предизвикани од пандемијата.

Графикон 4.1. Годишна стапка на инфлација




Извор: Државен завод за статистика

Цените на храната во К-4-2021 регистрираа раст од 5,7% (3,4% во претходниот квартал), пред сè како резултат на зголемените цени на маслото, лебот и житата, зеленчукот и месото.

Раст на потрошувачките цени во К-4-2021 се бележи и во следните категории: Транспорт од 18,6%, Ресторани и хотели од 7,0%, Рекреација и култура од 3,7%, Здравствена заштита од 2,8%, Разновидни стоки и услуги од 1,8%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,1%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,7%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,5% и Облека и обувки од 0,4%. Пад на цените е регистриран во категориите: Комуникации од 0,8% и Образование од 0,3%.

Во четвртиот квартал[2] од 2021 година, Народна банка на Република Северна Македонија ја задржа **основната каматна стапка** на 1,25%, откако во К-1-2021 ја намали каматната стапка на благајничките записи за 0,25 п.п., односно од 1,5% на 1,25%. Досегашното намалување на основната каматна стапка, како и позначителното намалување на понудениот износ на благајнички записи, придонесе за зголемување на ликвидноста на банкарскиот систем и поддршка на кредитните текови во економијата, како и ублажување на ефектите од пандемијата врз домашната економија, којашто сè уште трае.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена во декември 2021 година изнесуваше 0,3% и во споредба со претходниот квартал остана непроменета.

[2] Податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки се по нова методологија.

**Примарните пари**[3] во К-4-2021 забележаа пад на квартална основа од 7,3% (во претходниот квартал е забележан раст од 0,5%), како резултат на намалувањето на вкупната ликвидност на банките за 13,4%, како и на падот на готовите пари во оптек за 0,6%. Во однос на К-4-2020, примарните пари се зголемија за 16,5% (во К-3-2021 е забележан раст од 6,9%), како резултат на зголемената вкупна ликвидност на банките од 35,6% и растот на готовите пари во оптек од 2,7%.

Во К-4-2021, најтесната парична маса М1[4] забележа зголемување од 3,0% во однос на претходниот квартал. Монетарниот агрегат М2 забележа раст од 3,8%, а најширокиот монетарен агрегат М4 се зголеми за 2,7% на квартална основа.

Вкупниот **депозитен потенцијал**[5] на банките во К-4-2021 се зголеми за 3,3% на квартална основа, по растот од 1,4% во претходниот квартал. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата се зголемија за 6,2%, а депозитите на домаќинствата за 2,6%. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал, денарските депозити регистрираа раст од 0,9%, а девизните депозити од 6,8%. Степенот на евроизација е зголемен за 1,4 п.п. во споредба со претходниот квартал и изнесува 43,0%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-4-2021 се намали за 1,1 п.п. споредено со претходниот квартал и изнесува 20,9% (во К-3-2021 изнесуваше 22,0%). Во анализираниот период, краткорочните депозити забележаа зголемување од 4,7%.

Графикон 4.2. Кредити и кредитен раст и М4




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

**Кредитната активност** на банките во К-4-2021 забележа раст од 3,1% на квартална основа (во претходниот квартал регистрираше раст од 1,1%), во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 4,4% и раст на кредитите кон домаќинствата од 1,6%. Од валутен аспект, денарските кредити во К-4-2021 споредено со претходниот квартал се зголемија за 4,1%, а девизните кредити за 1,7%. Според рочноста, долгорочните кредити во К-4-

[3] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[4] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 го сочинуваат монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити, а монетарниот агрегат М4 е составен од монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити.

[5] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

2021 во однос на претходниот квартал бележат раст од 3,2%, а краткорочните кредити од 5,2%.

**Каматната стапка**[6] на денарските кредити во К-4-2021 изнесува 4,71% и е намалена за 0,10 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-4-2021 изнесува 4,05% и е намалена за 0,04 п.п. во однос на претходниот квартал.

Каматната стапка на денарските депозити во К-4-2021 изнесува 1,09% и забележа пад од 0,04 п.п. споредено со претходниот квартал, а каматната стапка на девизните депозити изнесува 0,47% и е намалена за 0,01 п.п. во однос на претходниот квартал.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-4-2021 изнесува 3,95%, а на новоодобрените девизни кредити 3,23%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 0,90% и 0,68%, соодветно.

Графикон 4.3. Каматни стапки (КС) на депозитни банки




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

[6] Во девизните кредити и депозити се вклучени денарските кредити и депозити со валутна клаузула.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешнотрговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупната надворешнотрговска размена со странство во К-4-2021 изнесува 4.455,2 милиона евра и бележи раст од 12,1% во однос на истиот квартал од 2020 година.

Графикон 5.1. Извоз и увоз на стоки




**Извозот на стоки** во К-4-2021 изнесува 1.795,9 милиони евра и во однос на К-4-2020 бележи раст од 4,3%, додека во однос на претходниот квартал регистриран е раст од 4,6%.

Анализирано **по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во извозот во К-4-2021 во однос на истиот квартал од 2020 година се забележуваат во следните сектори:

- производи класирани по материјалот за 34,0% (во чии рамки најголем раст забележа категоријата железо и челик за 68,8 милиони евра или 45,9%);
- хемиски производи за 18,2% (хемиски материи и производи за 61,1 милион евра или за 16,7% );
- суровини освен гориво за 28,6% (метална руда и отпадоци од метал за 18,2 милиони евра или 32,8%);
- минерални горива и мазива за 96,5% (нафта и производи од нафта за 16,2 милиона евра или 150,8%; електрична енергија за 5,8 милиони евра или 50,1%);
- пијалаци и тутун за 21,4% (тутун и производи од тутун за 6,3 милиони евра или 30,8%);
- производи за храна за 5,2% (жита и преработки од жита за 4,7 милиони евра или 21,6%) и
- животински и растителни масла за 90,6% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 2,0 милиона евра или 93,3%).

Негативно придвижување кај извозот се забележува во секторите:

- машини и транспортни уреди за 22,8% (во чии рамки најголем пад забележаа категориите индустриски машини и делови за 116,0 милиони евра или 45,7% и друмски возила за 32,1 милион евра или 37,2%) и
- разни готови производи за 0,2% (мебел и негови делови, постелнина и сл. производи, душеци, носачи на душеци, перници и сл. полнети производи за 13,1 милион евра или 16,2%).

Гледано **по економска намена**, во К-4-2021 раст на извозот е забележан во следните групи производи:

- стоки за индустриски набавки за 169,8 милиони евра или 21,4%;
- стоки за широка потрошувачка за 23,0 милиони евра или 13,4%;
- горива и мазива за 20,9 милиони евра или 95,3% и
- храна и пијалаци за 8,5 милиони евра или 7,2%.

Намалување на извозот е забележано во следните групи производи:

- производи за инвестиции без транспортна опрема за 105,8 милиони евра или 29,9% и
- транспортна опрема за 44,6 милиони евра или 17,1%.

**Увозот на стоки** во К-4-2021 изнесува 2.659,3 милиони евра и е зголемен за 18,1% во однос на К-4-2020, додека во однос на претходниот квартал бележи раст од 13,9%.

Анализирано **по сектори** на СМТК, зголемување на увозот во К-4-2021 во однос на К-4-2020 се забележува во следните сектори:

- минерални горива и мазива за 134,1% (во чии рамки најголем раст забележаа категориите: нафта и производи од нафта за 96,4 милиони евра или 108,2%; електрична енергија за 82,9 милиони евра или 195,4% и гас, природен и индустриски за 31,6 милиони евра или 135,7%);
- производи класирани по материјалот за 2,3% (железо и челик за 59,9 милиони евра или 63,9%);
- хемиски производи за 15,7% (пластични материи во примарни форми за 19,7 милиона евра или за 86,5%; неоргански хемиски производи за 17,0 милиони евра или за 15,5% и медицински и фармацевтски производи за 13,2 милиона евра или за 25,3%);
- машини и транспортни уреди за 9,6% (електрични машини, апарати и делови за 15,4 милиони евра или 7,0%; телекомуникациски и аудио апарати и опрема за 14,4 милиони евра или 35,3%);
- производи за храна за 20,7% (жита и преработки од жита за 11,9 милиони евра или 46,7% и месо и преработки од месо за 6,6 милиони евра или 19,9%);
- разни готови производи за 15,6% (облека за 7,8 милиони евра или 26,7% и обувки за 4,4 милиони евра или 69,1%);
- животински и растителни масла за 60,0% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 8,4 милиони евра или 60,7%) и
- пијалаци и тутун за 23,9% (пијалаци за 4,2 милиона евра или 38,8%).

Намалување на увозот е забележано само во секторот суровини освен гориво за 0,1% (метална руда и отпадоци од метал за 3,7 милиони евра или 12,2%).

Гледано **по економска намена**, во К-4-2021 раст на увозот е забележан во следните групи производи:

- горива и мазива за 207,6 милиони евра или 136,6%;

- стоки за индустриски набавки за 71,2 милиона евра или 5,9%;
- храна и пијалаци за 48,0 милиони евра или 24,6%;
- производи за инвестиции без транспортна опрема за 42,6 милиони евра или 12,3% и
- стоки за широка потрошувачка за 30,5 милиони евра или 13,6%.

Намалување на увозот е забележано само во групата транспортна опрема и тоа за 0,2 милиона евра или 0,2%.

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-4-2021




Извор: Пресметки на Министерството за финансии врз база на податоци од ДЗС

Надворешнотрговската размена на Европската Унија (ЕУ 27[7]) во К-4-2021 е зголемена за 10,0% во однос на К-4-2020, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешнотрговска размена изнесува 58,5% и е намалено за 1,2 п.п. споредено со четвртиот квартал од 2020 година. Притоа, во К-4-2021 извозот на стоки учествува со 75,2%, а увозот на стоки со 47,2%.

[7] Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народна банка на Република Северна Македонија, во К-4-2021 на **тековната сметка** на билансот на плаќања е регистриран дефицит од 346,5 милиони евра, што претставува 10,3% од кварталниот БДП, наспроти дефицитот од 2,3% од БДП забележан во истиот квартал од 2020 година.

Графикон 5. 3. Салдо на тековна сметка *(во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Анализирано на годишна основа, дефицитот на тековната сметка во К-4-2021 е зголемен за 276,6 милиони евра, односно 396%, што се должи на зголемувањето на дефицитот на сметката на стоки за 58,0% и на сметката на примарен доход за 30,3%, како и на намалувањето на суфицитот на сметката на услуги за 57,5%. Спротивно влијание имаше зголемувањето на суфицитот на сметката на секундарен доход за 20,2%.

Во К-4-2021 **трговскиот дефицит** на годишно ниво е зголемен за 293,4 милиони евра, додека во процент од кварталниот БДП е зголемен за 6,9 п.п. на годишна основа, односно изнесува 23,7%.

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-4-2021 изнесува 33,0 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2020 година е намален за 44,6 милиони евра.

Графикон 5. 4. Тековна сметка на платниот биланс *(салдо, во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

**Трговската отвореност** на Република Северна Македонија во К-4-2021 изнесува 143,5% од кварталниот БДП и во однос на К-4-2020 е зголемена за 5,9 п.п..

Сметката на **примарен доход** во К-4-2021 забележа дефицит од 139,0 милиони евра и истиот е зголемен за 32,3 милиони евра на годишно ниво.

Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-4-2021 изнесува 558,5 милиони евра и на годишно ниво е зголемен за 93,7 милиони евра. Растот се должи на зголемувањето на приватните трансфери за 93,2 милиона евра, кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 88,9%, додека официјалните трансфери се зголемени за 0,5 милиони евра, а во сметката на секундарниот доход учествуваат со 11,1%.

Салдото на **капиталната сметка** во К-4-2021 изнесува 2,6 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2020 година е намалено за 2,2 милиона евра, што се должи на намалениот прилив на капитални трансфери и непроизведени нефинансиски средства.

**Странските директни инвестиции** (СДИ) во земјата во К-4-2021 изнесуваат 197,1 милион евра и во однос на К-4-2020 се зголемени за 132,0 милиона евра. Зголемувањето произлегува од приливот по основ на должнички инструменти (225,3 милиони евра) и сопственички капитал (59,4 милиони евра), додека по основ на реинвестирање на добивката е регистриран одлив (87,6 милиони евра).

**Портфолио инвестициите** во К-4-2021 изнесуваат 35,8 милиони евра и во однос на истиот квартал претходната година се намалени за 203,7 милиони евра.

**Останатите инвестиции** во К-4-2021 се негативни и изнесуваат 96,4 милиони евра. Во рамки на категоријата останати инвестиции, сметката на валути и депозити изнесува 139,7 милиони евра, додека сметките на заеми и трговски кредити и аванси бележат негативно салдо од 96,9 милиони евра и 139,2 милиона евра, соодветно.

Графикон 5. 5. СДИ во земјата




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија и пресметки на МФ

**Девизните резерви** на крајот на четвртиот квартал од 2021 година изнесуваат 3,6 милијарди евра и во однос на К-4-2020 се зголемени за 8,4%. Девизните резерви на крајот на К-4-2021 обезбедуваат 4,5-месечна покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период.